Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
05 - 1806/22
27 -11- 2015
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. ..Стале Попов.. бр.9 мезанин локал 5 , Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 169 став 1 алинеја 2 и член 169 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.136/07,130/08 97/10 ,53/11,185/11 15/13 ,148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14 , 78/15 и 192/15) член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, а во врска со доставениот Записник од отварање на понуди број 05-1806/09 од 30.10.2015 г.година, Извештај од спроведена постапка пред е-аукција бр.05-1806/10 од 30.10.2015 г, Извештај за текот на е-аукцијата бр.05-1806/20 од 26.11.2015. и Извештај од спроведена постапка по реализирана е-аукција бр.05-1806/21 од 26.11.2015 г, од Комисијата за јавни набавки, по оглас за доделување на Договор за јавна набавка бр.**07/2015** Директорот на Друштвото донесе:

# О Д Л У К А
## за поништување на постапката за доделување на договор на јавна набавка бр. 07/2015 за Процена на вредноста на деловен простор со кој стопанисува друштвото

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на отоворена постапка со електронска аукција за **Процена на вредноста на деловен простор со кој стопанисува друштвото бр.07/2015** , согласно член 169 став 1 алинеја 2 од ЗЈН (не е поднесена ниту една прифатлива понуда).

Се задолжува Комисија за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесување на одлуката писмено да ги извести сите учесници во постапката за Одлуката за поништување на постапка за доделување на договор за јавна набавка согласно член 170 став 1 од од Законот за јавни набавки и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето

Одлуката стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

### Образложение:

По истекот на крајниот рок за поднесување на понуди во Записникот за отварање на понуди бр.05-1806/9 од 30.10.2015 г, констатирано е дека се пристигнати дванаесет понуди.

Во текот на евалуција на понудите во Извештајот од спроведена постапка пред е-аукција бр.05-1806/10 од 30.10.2015 г од страна на Комисијата за јавни набавки констатирано е дека две понуди се неприфатливи и истите не се поканети да учествуваат на електронската аукција која се спроведува преку

Електронскиот систем за јавни набавки  и тоа од следниве причини:

Во првата  првата понуда поединечните цени ставени кај секој  деловен објект не се во согласност со „Правилникот за начинот на пресметување на наградата за извршена работа и надоместокот за реално потребните трошоци за вршење на процена на недвижен имот (Сл.весник на РМ бр.99/13 од 12.07.2013 г,односно понудените цени не соодвествуваат на пропишаните цени по видови на недвижен имот во горе наведениот Правилник  а воедно во листата со понудени цени понудени се само три цени.
Во втората понуда  во листата со поединечни цени  за околу 90% од објектите не е понудена никаква цена туку е ставена само цифра  0  иако во образецот на понуда од Тендерската документација децидно е наведено дека „Составен дел на понудата е листата со поединечни цени и истата треба задолжително да се пополни, а воедно и  во оваа понуда дел од поединечните цени кои се ставени кај некои од деловните објекти во Листата со поединечни цени, не се во согласност со Правилникот за начинот на пресметување на наградата за извршена работа и надоместокот за реално потребните трошоци за вршење на процена на недвижен имот (Сл.весник на РМ бр.99/13 од 12.07.2013 година)

Во текот на електронската аукција беа поднесени цени кои се пониски од максимално можните намалени цени согласно Правилникот за начинот на пресметување на наградата за извршена работа и надоместокот за реално потребните трошоци за вршење на процена на недвижен имот (Сл.весник на РМ бр.99/13 од 12.07.2013 година) а воедно  по спроведената електронска аукција имаше укажувања од неколку економски оператори дека податоците за деловните објекти кои се предмет на проценка не се прецизно дадени во листите со деловни објекти и дека можат да се третираат различно од економските оператори (деловен простор –гаража, деловен простор –подрум) а тоа доведува до различно понудена цена согласно наведениот Правилник.

Врз основа на сето погоре  наведено се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука, согласно член 169 став 1 алинеја 2 и член 169 став 3 од ЗЈН.

**Правна заштита**

Жалбата се изјавува во рок од осум   дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

1112

**Генерален  Директор**

**Шеваљ Цеку ,  дипл.социолог**

**Доставено до:**

Сектор за правни и општи работи

Сектор за стопанисување со деловен простор

Комисија за јавни набавки – Кире Бузлиев

Архива